Уп. бр. 08-88

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од БДС Ко. Доо Белград, со регистрирано седиште на адреса Милентија Поповиќ 5в, кат 1, апартман 5, 11000 Белград, Република Србија, преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која БДС Ко. Доо Белград со регистрирано седиште на адреса Милентија Поповиќ 5в, кат 1, апартман 5, 11000 Белград, Република Србија, ќе стекне контрола над Маркетинг Инвестмент Груп Бугарија ЕООД, со регистрирано седиште на адреса ул. Славовица, реон Триадица, блок бр. 24Е, кат 1, канцеларија 2, Софија, Столична, 1404 Бугарија, Маркетинг Инвестмент Груп ЦР д.о.о. за трговија, со регистрирано седиште на адреса Хорватова улица 80А, Загреб, Хрватска, Маркетинг Инвестмент Груп Чешка с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Јакубска 647/2, Старе Место, 110 00 Прага 1, Чешка Република, Маркетинг Инвестмент Груп Унгарија Друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на адреса 1062 Будимпешта, Терез корут 55-57. А. зграда. 2 кат, Унгарија, МИГ Маркетинг Инвестмент Груп РО СРЛ, со регистрирано седиште на адреса Булевар Корнелиу Копосу бр. 6-8, кат 6, канцеларија 6, сектор 3, 030167, Букурешт, Романија, Маркетинг Инвестмент Груп СР д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 165Г, 11000, Белград (Нов Белград), Србија, Маркетинг Инвестмент Груп Словачка с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Михалска 7, 811 01 Братислава, Словачка и Маркетинг Инвестмент Груп СЛ, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Тржашка цеста 515, 1351 Брезовица до Љубљана, Словенија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000 ден. и за решението во износ од 30.000 ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

Образложение

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.05.2026 година, а дополнето на ден 27.05.2026 година и на ден 02.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од БДС Ко. Доо Белград, со регистрирано седиште на адреса Милентија Поповиќ 5в, кат 1, апартман 5, 11000 Белград, Република Србија, со која БДС Ко. Доо Белград ќе стекне единствена контрола над друштвата: Маркетинг Инвестмент Груп Бугарија ЕООД, со регистрирано седиште на адреса ул. Славовица, реон Триадица, блок бр. 24Е, кат 1, канцеларија 2, Софија, Столична, 1404 Бугарија, Маркетинг Инвестмент Груп ЦР д.о.о. за трговија, со регистрирано седиште на адреса Хорватова улица 80А, Загреб, Хрватска, Маркетинг Инвестмент Груп Чешка с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Јакубска 647/2, Старе Место, 110 00 Прага 1, Чешка Република, Маркетинг Инвестмент Груп Унгарија Друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на адреса 1062 Будимпешта, Терез корут 55-57. А. зграда. 2 кат, Унгарија, МИГ Маркетинг Инвестмент Груп РО СРЛ, со регистрирано седиште на адреса Булевар Корнелиу Копосу бр. 6-8, кат 6, канцеларија 6, сектор 3, 030167, Букурешт, Романија, Маркетинг Инвестмент Груп СР д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на адреса Булевар Михајло Пупин 165Г, 11000, Белград (Нов Белград), Србија, Маркетинг Инвестмент Груп Словачка с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Михалска 7, 811 01 Братислава, Словачка и Маркетинг Инвестмент Груп СЛ, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Тржашка цеста 515, 1351 Брезовица до Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

БДС Ко. Доо Белград е друштво основано во Србија и е дел од групацијата на друштва Спорт Вижн (во понатамошниот текст: „Групација Спорт Вижн"). Групацијата Спорт Вижн е трговец на големо и мало на спортски обувки, облека и опрема низ Југоисточна Европа. Групацијата Спорт Вижн вработува повеќе од 6.500 луѓе и работи во 13 земји: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Чешка, Грција, Унгарија, Црна Гора, Северна Македонија, Романија, Србија, Словачка и Словенија.

Групацијата Спорт Вижн е присутна во Република Северна Македонија преку друштвото Друштво за трговија и услуги БДС.МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Перо Наков" 122А 1000, Скопје - Гази Баба, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност 47.720 - Трговија на мало со обувки и предмети од кожа.

Маркетинг Инвестмент Груп Бугарија ЕООД, Бугарија, Маркетинг Инвестмент Груп ЦР д.о.о. за трговија, Хрватска, Маркетинг Инвестмент Груп Чешка с.р.о., Чешка, Маркетинг Инвестмент Груп Унгарија Друштво со ограничена одговорност, Унгарија, МИГ Маркетинг Инвестмент Груп РО СРЛ, Романија, Маркетинг Инвестмент Груп СР д.о.о. Белград, Србија, Маркетинг Инвестмент Груп Словачка с.р.о., Словачка и Маркетинг Инвестмент Груп СЛ, д.о.о., Словенија пред предметната трансакција се во

целосна сопственост на Маркетинг Инвестмент Груп С.А., Полска, со регистрирано седиште на Осједле Дивизјону 303 Павилјон I, 31-874 Краков, Полска.

Горенаведените друштва се активни во малопродажбата на спортска стока, вклучувајќи спортски обувки, спортска облека и спортска опрема, и управуваат со физички продавници и онлајн канали (само во одредени јурисдикции) низ Централна и Источна Европа, а имено Бугарија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Романија, Словачка, Словенија и Србија.

Овие друштва немаат зависни друштва, филијали или претставништва во Република Северна Македонија, ниту пак остваруваат промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**